**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 02-14/129 -99 Скопје,19.03.1999 година

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 29/96 и 37/98) и член 235 став 1 од Законот за општа управна постапка, гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 19.03.1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ

Решението на гувернерот на Народна банка на Република Македонија бр. 02-14/424-98 од 24.09.1998 година со кое се издава дозвола за основање на Штедилница „ФУЛМ„ ДООЕЛ Скопје, се менува, така што:

-Во точка 1, кратенката „ДООЕЛ„ се заменува со кратенката: „ДОО„; и

-Во точка 2 алинеа 1, зборовите „ најмногу до износ кој е за 1,5 пати поголем од нејзиниот основачки капитал„ се заменуваат со зборовите: „во согласност со прописите„ .

Образложение

Здружението на граѓани „Финансиски услуги за луѓето на Македонија„ со седиште во Скопје (основач), поднесе до Народна банка на Република Македонија барање дозвола за основање штедилница со седиште во Скопје. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија со Решение заведено под бр. 02-14/424-98 од 24.09.1998 година, издаде дозвола за основање на Штедилница „ФУЛМ„ ДООЕЛ Скопје.

На 18.03.1999 година, Народна банка на Република Македонија прими барање за измена на Решението со кое се издава дозвола за работа на Штедилницата на начин и во обем како што е тоа извршено во диспозитивот на ова Решение. Барањето е во согласност со напатствијата на Основниот суд Скопје I Скопје како регистерски суд, за корекција на фирмата на друштвото и неговата дејност.

По разгледувањето на Барањето, гувернерот на Народна банка на Република Македонија оцени дека е тоа во согласност со важечките прописи и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

РАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од осум дена од приемот на ова решение до Советот на Народна банка на Македонија, во смисла на член 63 став 2 од Законот за Народна банка на Република Македонија.

ГУВЕРНЕР
Љубе Трпески

П.Ф. 401, 91000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 091 108-108 (Централа); + 091 108-251
Факс: + 091 108-357 (Централа); + 091 108-348
Телекс 51415 NARBAM MB

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 02-14/424-98 Скопје, 24.09.1998 година

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 29/96 и 37/98), гувернерот на Народна банка на Република Македонија, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се издава дозвола за основање на штедилница „ФУЛМ„ ДООЕЛ Скопје.

2. Штедилницата од точка 1 на ова решение може да ги врши следните работи:

-прибира денарски штедни влогови од физички лица најмногу до износ кој е за 1,5 пати поголем од нејзиниот основачки капитал;
-одобрува кредити на физички лица и на поединци кои вршат самостојна дејност без својство на правно лице;
-зема кредити од банки и штедилници;
-економско-финансиски консалтинг;
-одобрување кредити на правни лица преку банка;
-директно кредитирање на банки и штедилници; и
-директно кредитирање на правни лица но најмногу во висина до 30% од гарантниот капитал на Штедилницата.

3. Штедилницата е должна своето работење да го извршува во согласност со одредбите од Законот за банки и штедилници („Сл. весник на РМ„ бр. 29/96 и 37/98) и Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работењето на штедилниците („Сл. весник на РМ„ бр. 7/97; 35/97; 13/98 и 17/98).

Работењето на Штедилницата во спротивност со одредбите од став 1 на оваа точка, претставува основ за укинување на решението за основање на Штедилницата.

4. Основачкиот капитал на Штедилницата е во висина на денарска противвредност на 1.000.000,00 ДЕМ, пресметана по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

5. Врз основа на ова решение, може да се побара упис на Штедилницата во регистарот на надлежниот суд.

6. Штедилницата стекнува својство на правно лице со уписот во регистарот на надлежниот суд и е должна на Народна банка на Република Македонија да и достави примерок од решението за регистрација.

П.Ф. 401, 91000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 091 112-177 (Централа); + 091 123-281
Факс: + 091 111-161 (Централа); + 091 124-202
Телекс 51415 NARBAM MB

Образложение

Здружението на граѓани „Финансиски услуги за луѓето на Македонија„ со седиште во Скопје (основач), поднесе до Народна банка на Република Македонија барање дозвола за основање Штедилница со седиште во Скопје.

По разгледувањето на доставената документација, се констатира дека од формално правен аспект таа е исправна, дека основачот на Штедилницата е бонитетен, како и тоа дека постои економска оправданост за основање на Штедилницата имајќи ја во предвид конкурентноста и ширината на понудата во регионот каде се формира, а проекциите укажуваат на можност за рентабилно, сигурно и ликвидно работење.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, гувернерот на Народна банка на Република Македонија оцени дека се исполнети условите пропишани со Законот за банки и штедилници и Одлуката за документацијата и постапката за издавање на дозволи според одредбите на Законот за банки и штедилници, и одлучи како во изреката на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од осум дена од приемот на ова решение до Советот на Народна банка на Македонија, во смисла на член 63 став 2 од Законот за Народна банка на Република Македонија.

ГУВЕРНЕР
Љубе Трпески

НАРОДНА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ